*ДИМИТАР ДИМЕСКИ*

# ХРИСТО АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ (1927—1985 г.)

Христо Андонов-Полјански спаѓа во редот на великаните на современата југословенска историографска мисла.

Професор д-р хаб. Христо Андонов-Полјански беше виден македонски научник, педагог и општественик. Повеќе од три децении беше присутен на македонската историографска, просветна и општествена сцена.

Неговата животна врвица започна во Дојран на 21. IX 1927 година. Меѓутоа, Скопје, главниот град на слободната македонска република во братската Титова Југославија, станува негова алма матер. АВНОЈските и АСНОМските светилници ја зацврстуваат неговата намера целосно да се посвети на историската наука, да го проучува и расветлува темното минато на сопствениот народ, да ги разобличува бескрупулозните фалсификати на македонската историја, да ги вреднува крупните настани од нашето минато. Безграничната љубов кон сопствениот народ, кон својата социјалистичка татковина и несомнениот афинитет кон историографијата го одведуваат на првиот македонски факултет, Филозофскиот, на првиот македонски универзитет, Скопскиот. Тој е меѓу првите запишани студенти на Филозофскиот факултет, меѓу првите дипломирани студенти на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје (1951 г.).

За неговиот буен развиток најдобро сведочи фактот што некогашниот демонстратор израсна во познат и признат универзитетски професор. Тој беше врсник на Скопскиот универзитет. Заедно со него чекореше и тој кон парнасовските висини. Тој е првиот асистент по нововековна историја на македонскиот народ (1953 г.), првиот доктор по историски науки (1958 г.) и првиот доктор хабилитант на Скопскиот универзитет (1970 г.). Макотрпниот наставно-научен пат исполнет со самопрегор, жртвувања и ентузијазам, го доведе некогашниот пасиониран љубител на минатото на својот народ до ре-

довен професор по Општа историја на новиот и најновиот век (I—1970, II—1981 г.), до предавач на постдипломските студии, до ментор на бројни магистранти и докторанти.

Почина на 7 октомври 1985 година како ректор на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје. Согоре во 58 година од животот, токму во јубилејната 1985 година: 1100-годишнината од смртта на Методиј и 40-годишнината од ослободувањето на земјата и победата над фашизмот, за чии одбележувања даде непроценлив придонес.

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Професорот Полјански беше познат македонски просветен работник. Него го красеа евидентни педагошки квалитети. Секогаш беше пристапен, отворен, комуникативен, со развиена самосвест својствена за социјалистичката етика.

Во наставно-образовниот процес на Филозофскиот факултет беше вклучен повеќе од три децении: најпрво како асистент (1953—1959 г.), а потоа како доцент (1959—1966), вонреден (1966—1970) и редовен професор (1970—1981 г., реизбран 1981 г.).

Во споменатиов временски интервал професорот Полјански одржуваше предавања и вежби од општата историја на новиот и најновиот век (II степен), од меѓународното работничко движење (II степен) како и од теоријата и методологијата на историската наука (III степен).

Негови воспитаници беа бројни генерации студенти, преку 1000 дипломирани студенти — историчари, бројни магистри и доктори на науки.

Покрај тоа, проф. Полјански имаше вонредни заслуги за развојот на воспитно-образовниот систем на Факултетот и Универзитетот.

## НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Научниот опус на проф. д-р хаб. Христо Андонов-Полјански евидентно ги персонифицира високите дострели на современата македонска историографија. Неговите творечки резултати станаа достоинство не само на македонската и југословенската, туку и на европската и светската историографска ризница.

Полјански беше една од најмаркантните личности на современата македонска историографија. Тој, заедно со плејада македонски историографи, ги направи првите, пионерски чекори кон веродостојно расветлување на движечките процеси во историјата на својот народ.

Широк беше дијапазонот на неговиот научен интерес. Тој се протега од антиката до нашето современие, од македонската до југословенската, европската и светската историја, од прапочетоците до Марксовите, Енгелсовите, Лениновите и Титовите меридијани.

Негова потесна специјалност беше македонската историја во XIX и XX век. Притоа, предмет на неговите проучувања беа: архивските материјали за историјата на македонскиот народ во XIX и XX в.; библиографија за историјата на Македонија; меѓународните односи во XIX и XX век; меѓународното работничко движење; проблеми од општата и националната историја; проблемите на Источното прашање; дипломатијата и македонското прашање; Велика Британија и Македонија во XIX и XX век, како и други проблеми од новата и најновата историја.

Неговиот импресивен научен опус го красат близу 500 библиографски единици, од кои близу 40 книги, што секако го вброи во редот на најпродуктивните творци на современата македонска историографија.

Тајната на неговиот успех се криеше во чудесниот сплет на обдареност, вродена интуиција, непресушна инспирација и труд. Него го красеше неисцрпна енергија, нескршлива волја. Оттаму неговото дело заслужува ода на трудот.

Неговиот незапирлив устрем кон светлините на историската вистина посебно доаѓа до израз во 60-тите години кога започна да ја обнародува својата серија покрупни трудови, што го вброи во водечките творци на современата македонска историографија.

Секако, тоа беше резултат на неговите неуморни повеќегодишни истражувања во југословенските, европските, а првенствено, во британските архиви. Проф. д-р хаб. Христо Андонов-Полјански истражувал во југословенските архиви и библиотеки (Дубровник, Риека, Загреб, Љубљана, Белград, Сараево, Скопје), како и во странски архиви и библиотеки (Лондон, Штокхолм, Виена, Рим).

Негови монументални остварувања се шесттомниот ненадминат опус за Гоце Делчев (1972 г.) и петтомните Одбрани дела (1980 г.).

Појавата на шесттомникот за Делчев претставува посебен настан во современата македонска историографија. Шесттомникот претставува најкомплетно дело за животот и дејноста на познатиот корифеј, организатор, идеолог, апологет и стратег на македонското националноослободително движење. Во него доаѓа до израз авторовата концепција најкомплетно, од сите аспекти, да го презентира ликот и делото на Делчев. Овој монументален труд, прв од ваков вид кај нас, поради своите осведочени вредности, со право, се вбројува во редот на врвните остварувања на македонската историографија.

Во Одбраните дела Полјански ни се претставува како еминентен ерудит со широк научен дијапазон. Во нив, со евидентна акрибичност разработува спектар на проблеми, првенствено од македонската историја во вонредно долг временски интервал, од неолитот

до нашево современие. Притоа, главен акцент е ставен на македонската тематика од XIX и почетокот на XX век. Одбраните дела, а поточно, целокупниот научен опус на Полјански, укажуваат на високите дострели на релативно младата македонска марксистичка историографија и на нејзината несомнена вклученост во прогресивниот развоен процес на современата марксистичка историографска мисла.

Покрај споменативе трудови, во позначајните посебни публикации на Полјански спаѓаат: Британска библиографија за Македонија, Странскиот печат за Илинденското востание, К. Хрон: Народноста на Македонските Словени, Сан-Стефанска Бугарија, Одѕивот на Илинден во светот, Британски документи за историјата на македонскиот народ (I, II, III), Велика Британија и македонското прашање на Париската мировна конференција, Македонија и Словенија, фотомонографијата Гоце Делчев, во издание на Истарска наклада од Пула (1985), Христо Узунов (Охрид, 1985 г.), како и монографијата Илинденското востание и меѓународната јавност (Мисла, 1985 г.). Досега необелоденети му се делата: Митинзи за Македонија, Мис Стон и најновиот труд за Карл Хрон.

Проф. Полјански беше еден од авторите и креаторите на капиталните остварувања на современата македонска историографија: тритомната Историја на македонскиот народ (1969 г.) и двотомните Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава (1981 г.), чиј главен уредник беше тој.

Проф. д-р хаб. Христо Андонов Полјански беше учесник на повеќе научни собири (конгреси, симпозиуми и сл.). Така, учествуваше на конгресите на југословенските историчари, на Годишните собранија и на др. собири организирани од Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, на научните собири организирани од ИНИ и МАНУ, на научните собири посветени на Делчев, Сандански, Кресненското востание, Русински, Илинденските денови, на Илинденското востание, на Раздолов, Гоцевите денови, Даме Груев и сл. Притоа беше вклучен и во нивните организациони одбори. Посебно доаѓа до израз клучната улога на Полјански во организирањето на научните собири на Филозофскиот факултет, посветени на Маркс, Енгелс, Ленин и Тито. По негова заслуга, материјалите од последниот научен собир на Филозофскиот факултет на тема: „Маркс и нашата современост" беа публикувани во вонреден број на Годишниот зборник на Факултетот и тоа во годината на одржувањето на Собирот (1983 г.).

Професорот Полјански беше уредник и член на редакции на бројни списанија и публикации. Така, тој беше првиот главен и одговорен уредник на списанието Историја, орган на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ. Голем беше неговиот придонес во уредувањето на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, на Гласник на ИНИ, Погледи, Југословенски историски часопис (ЈИЧ), Настава историје, Светлини на минатото, Историја на македонскиот народ. Тој беше еден од авторите и главен уредник

на публикацијата Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, член на редакцијата на зборникот за Илинденското востание, член на Комисијата за публикување на архивски материјали во Архивот на Македонија и сл.

Професорот Полјански беше еден од најдобрите познавачи на македонската историја, во прв ред, на илинденистиката, а секако, најдобар познавач и најголем вљубеник во делчевологијата.

Неговиот импозантен научен опус беше крунисан со републичките награди: „11 ОКТОМВРИ" за научно дело (1972 г.), „Гоце ДЕЛЧЕВ" (1979 г.), „11 ОКТОМВРИ" за животно дело (1981 г.), како и највисокото југословенско општествено признание, наградата „АВНОЈ" (1983 г.). На крајот, постхумно му беше доделена наградата „13 НОЕМВРИ" на град Скопје за научно дело (1985 г.).

Крупен е придонесот на Полјански за развојот на југословенската марксистичка историографска мисла. Оттаму, стана и лауреат на наградата АВНОЈ.

## ОПШТЕСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Проф. д-р хаб. Христо Андонов Полјански беше виден општественик. Тој беше активен субјект во работата на општествено-политичките и самоуправните органи на Факултетот и надвор од него. Меѓу другото, бил продекан на Филозофскиот факултет (1960—63), раководител на Катедрата за историски науки во два мандата (1972—74; 1974—76 г.), претседател на Советот на ООЗТ Филозофски факултет (1982—84 г.), како и ректор на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје (1984—85 г.). Освен тоа проф. Пролјански, само во последно време, беше член на повеќе од 20 совети, одбори и комисии во Републикава и надвор од неа. Беше член на повеќе самоуправни органи и на општествено-политички организации. Меѓу другото, беше: член на Републичката конференција на ССРНМ; член на Комисијата за меѓународни односи при ЦК СКМ; член на Републичкиот одбор за односи со странство при Собранието на СРМ; претседател на Советот на РТВ Скопје; претседател на Советот на емисијата, „КПЈ —СКЈ—СКМ" (РТВ Скопје); редовен член на Институтот за национална историја; член на Научниот совет на ИНИ; член на Редакцијата за изработка на историјата на СКМ; член на Одборот за организација на Научниот собир за оснивањето на ЦК КПМ; член на Комисијата при Одборот за Наградата АВНОЈ; член на Републичкиот одбор за Наградата „11 октомври"; претседател на Одборот за наградата „Гоце Делчев"; член на Советот при НУБ „Климент Охридски", Скопје; член на Издавачкиот совет на „Комунист", Скопје; член на Комисијата за Спомен-костурницата во Титов Велес; член на Работничкиот и Уметничкиот совет на „Вардар-филм"; член на Советот

„Светлини на минатото", РТВ—Скопје; член на Советот „Десет дена Крушевска Република"; член на Комисијата за научни дености при РСИЗ за научни дености и сл.

На меѓународен план, проф. Полјански, меѓу другото, зел учество и во „Деновите на македонската култура во Велика Британија" (предавања во Лондон, Братфорд, Оксфорд, 1979 г.), во Албанија (Тирана), во Прага и Братислава (ЧССР), Атина (Грција), Софија (НР Бугарија) и сл. Покрај тоа, бил член на Делегацијата на Извршниот совет на СРМ при посетата на Советскиот Сојуз и Полска.

Професорот Полјански го красеа вонредни организаторски способности. Необично е голем неговиот придонес за развојот и растежот на Наставно-научната студиска група за историја, на Филозофскиот факултет, на Универзитетот „Кирил и Методиј", на ИНИ, на Архивот и Музеите на Македонија, на НУБ „Климент Охридски", на РТВ Скопје и на други научни и културни институции во Републиката. Воедно, проф. Полјански беше еден од корифеите на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ.

*

* *

Импозантната актива на проф. д-р хаб. Христо Андонов Полјански на научно, педагошко и општествено поле, му донесе врвни општествени признанија и награди. Покрај споменатите награди, проф. Полјански беше носител на Орден заслуги за народ со сребрена ѕвезда (1969 г.) и Орден на трудот со црвено знаме (1978 г.), а во 1986 година постхумно е одликуван со Орден заслуги за народ со златна ѕвезда.

Сега негова дејност ја крунисува наградата АВНОЈ, највисокото југословенско општествено признание, која ја доби во годината на АВНОЈскиот јубилеј (1983).

Кристалниот животопис на Христо Андонов Полјански толку јасно рефлектиран во неговото големо дело, претставува патоказ за неговите современици и за идните генерации историчари да ја следат неговата трасирана патека, свртена кон просперитетот на нашата социјалистичка заедница.